# ЗАПИСНИК

Од одржаната **20-та седница на Советот на Општина Новаци** одржана на ден **15.12.2022** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:
Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Горан Велјановски. и Наумче Смилевски.

Отсутен е советникот Александар Канзуровски.

На седницата се присутни вработени во општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Оливера Димитровска – раководител, Летка Јовановска - раководител, Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – соработник.

.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1.Разгледување и усвојување на Записникот од 19-та седница на Совет на Општина Новаци;
2.Разгледување и усвојување на Нацрт - Буџет на Општина Новаци за 2023год.;
3.Разгледување и усвојување на План за изменување и дополнување на Планот на програма за развој - развојна потпрограма „Изградба на индустриска зона “ с.Новаци (бр.14-955/10 од 07.11.2022г);
4.Разгледување и донесување на Годишен план за јавни набавки на Општина Новаци 2022г.- измена ноември 2022г. (набавка на услуги за Новогодишно украсување);
5.Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМакедонија на подрачјето на Општина Новаци за 2023год.;
6.Разгледување и донесување на Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2023год.;
7.Разгледување и донесување на Програма и Акционен план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2023год.;
8.Разгледување и донесување на Програма за активностите на Општина Новаци во областа на образование за 2023 год.;
9.Разгледување и донесување на Програма за култура, култутни активности, културни и др. манифестации на Општина Новаци за 2023год.;
10.Разгледување и донесување на Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура на Општина Новаци за 2023год.;
11.Разгледување и донесување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023год.;
12.Разгледување и донесување на Одлука за кофинансирање на Општина Новаци во проектот:„Подобар квалитет на животот на населението и заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку планирање и инвестиции во комуналната ифраструктура“;
13.Разгледување на Барање од група жители на село Новаци за градежен матерјал за изработка на настрешница;
14.Разгледување на Барање од група жители на село Новаци за градежен матерјал за изработка на детски парк од група жители на село Новаци;

15.Разгледување на Барање од Месна Зедница на село Будимерци за градежен матерјал (цемент) за изградба на базен во црквата „Св. Никола“
16.Разгледување на Барање од Еколошкото друштво „Кајмакчалан“ с.Маково за финансиска поддршка на проект за заштита на географско потекло (брендирање) на мариовскиот мед;
17.Разгледување на Барање од Трајче Таневски од с.Бач за поставување на цевка Ф-300 на патот кој води до неговата нива;
18.Разгледување на Барање од Драги Каранфиловски за решавање на случајот со капелата намената за селата Горно и Долно Агларци;
19.Разгледување на Барање од Гоце Стојановски од с.Новаци за исплата за извршена работа во соблекувалните на фудбалскиот стадион во с.Новаци;
20.Советнички прашања.

Пред гласање на Дневниот ред на 20–та Седница на Советот на Општина Новаци Претседателката Славица Најдовска-Стојковска предложи да не се разгледува точка бр.5: Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2023 год.

Дневниот ред без точка бр.5 беше ставен на гласање, истиот беше усвоен со **7 гласа за.**

1. **точка**: **Разгледување и усвојување на Записникот од 19-та седница на Совет на Општина Новаци**

По разгледувањето, Записникот од 19-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **7 гласа за.**

2. **точка: Разгледување и усвојување на Нацрт - Буџет на Општина Новаци за 2023**

Оливера Димитровска – раководител на одд. за финансии детално го образложи Нацрт – Буџетот на Општина Новаци кој за 2023г. изнесува 162.602.427,00 ден. По нејзиното излагање меѓу советниците се разви дискусија, при што советникот Котевски упати прашање до Градоначалникот за проект Прочеститална станица за фекална канализација во с.Новаци. Градоначалникот Стевановски одговори дека таков капитален проект се планира да се реализира со помош на Министерството за животна средина и при тоа објасна дека во 2023 г. се планирани за реализација проекти кои како приоритет беа побарани од жителите на општина Новаци по одржувањето на „Форуми на заедниците“.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, со **6 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Заклучок за усвојување на Нацрт Буџетот на Општина Новаци за 2023 година

3. **точка: Разгледување и усвојување на План за изменување и дополнување на Планот на програма за развој - развојна потпрограма „Изградба на индустриска зона “ с.Новаци (бр.14-955/10 од 07.11.2022г)**

Оливера Димитровска – раководител на одд. за финансии по однос на оваа точка пред советниците даде објаснување во што се состои измената на Планот на програма за развој - развојна потпрограма „Изградба на индустриска зона “ с.Новаци. Имено се менува делот на буџетската програма од Г1 во ЕА како и потпрограмата од Г10 во ЕАБ.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на План на програми за развој-развојна програма „Изградба на индустриска зона„ с. Новаци, бр.14-955/10 од 07.11.2022г.

4. **точка: Разгледување и донесување на Годишен план за јавни набавки на Општина Новаци 2022г.- измена ноември 2022г. (набавка на услуги за Новогодишно украсување)**

По однос на четвртата точка измената во Годишен план за јавни набавки е направена со цел да се набави минимално Новогодишно украсување за кое советниците на 19-та седница на Советот на Општина Новаци се изјаснаа позитивно.

Советниците со **8 гласови за** донесоа Годишен план за изменување и дополнување на јавни набавки на Општина Новаци 2022г. – измена ноември 2022година.

Филип Радевски - советник за јавни набавки, пред советниците објасни дека Годишен план за јавни набавки се донесува и изменува од страна на Градоначалникот без одобрение од Советот како што е опишано во член 2 став 1 точка 37 и член 75 став 1 од Законот за јавни набавки. Но поради поголема транспарентност беше воведена досегашна практика секоја измена на Годишен план за јавни набавки да се разгледува и донесува на Седница на Советот. Анета Киселоста - раководител предложи ваквата практика да се прекине т.е Годишниот план за јавни набавки и неговите измени во иднина нема потреба да се разгледуваат и донесуваат од страна на Советот на Општина Новаци.

Ваквиот предлог беше ставен на гласање и прифатен **со 6 гласа за и 2 гласа против** .

6. **точка: Разгледување и донесување на Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2023год.**

По однос на оваа точка, Советот ја разгледа Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2023год. за која Летка Јовановска-раководител на одд. за ЛЕР даде кратко објаснување.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2023год.

7. **точка: Разгледување и донесување на Програма и Акционен план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2023 год.**

Во 2023г. за реализирање на активностите од Програма за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2023 год. се издвојуваат 1.000.000,00 ден. од Буџетот на Општина Новаци. Откако ја разгледа Програмата, Претседателката на Советот, Славица Најдовска-Стојковска даде предлог висината на финансиските средства кои се доделуваат на новороденчиња и првачиња да се зголеми од 6 000,00 ден. на 7 000,00 ден. во бруто износ. Овој предлог беше **едногласно прифатен** од Советот, така што истиот ќе се земе во предвид кога ќе се изготвува Буџетот на општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма и Акционен план за социјална заштита на граѓаните на Општина Новаци за 2023 год.

8. **точка: Разгледување и донесување на Програма за активностите на Општина Новаци во областа на образование за 2023 год.**

Советниците ја разгледаа Програма за активностите на Општина Новаци во областа на образование за 2023 год. Мирјана Хаџиевска-советник за јавни дејности објасни дека новина во Програмата е тоа што за прв пат е влкучено доделување на финансиски средства т.е награди на сите ученици и нивните ментори кои ќе покажат успех на регионални и државни натпревари.

Советот **едногласно** донесе Програма за активностите на Општина Новаци во областа на образование за 2023 год.

**9. точка: Разгледување и донесување на Програма за култура, култутни активности, културни и др. манифестации на Општина Новаци за 2023год.**

Мирјана Хаџиевска-советник за јавни дејности, по однос на оваа точка даде кратко образложение за збогатување на Програмата со манифестацијата „Фестивал на Жетвата“ која ќе се организира и во 2023г. По разгледување на Програмата, Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за култура, култутни активности, културни и др. манифестации на Општина Новаци за 2023год.

**10. точка: Разгледување и донесување на Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура на Општина Новаци за 2023 год.**

Советниците ја разгледаа Програмата за чија реализација во 2023г. ќе се издвојат финансиски средства во висисна од 3.000.000,00 ден. од Буџетот на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за спроведување на активности на спортските друштва и одржување на спортската инфраструктура на Општина Новаци за 2023 год.

**11. точка: Разгледување и донесување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 год.**

По однос на оваа точка Градоначалникот Стевановски на советниците им појасни дека со оваа Програма во 2023г. се планира изработка на урбанистички планови за 10 населени места на територијата на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 год.

**12. точка: Разгледување и донесување на Одлука за кофинансирање на Општина Новаци во проектот:„Подобар квалитет на животот на населението и заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку планирање и инвестиции во комуналната ифраструктура“**

По однос на оваа точка Советниците беа инфорирани од страна на Градоначалникот Стевановски дека со овој Проект се планира изградба на канализациона мрежа и пречистителна станица во с. Добромири. Истиот ќе биде финансиран со средства од Центарот за развој на пелагонискиот плански регион, но и со кофинансирање од страна на Општина Новаци во износ од 1.571.728,00 ден. од Буџетот на Општина Новаци .

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за кофинансирање на Општина Новаци во проектот:„ Подобар квалитет на животот на населението и заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку планирање и инвестиции во комуналната ифраструктура“.

**13. точка: Разгледување на Барање од група жители на село Новаци за градежен матерјал за изработка на настрешница**

Советот на Општина Новаци по разгледување на Барањето од група жители на село Новаци со **8 гласови за** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен матерјал за изработка на настрешница во с.Новаци.

14. **точка: Разгледување на Барање од група жители на село Новаци за градежен матерјал за изработка на детски парк од група жители на село Новаци**

Советот го разгледа Барањето од група жители на село Новаци и констатира дека во близина на тој дел од с.Новаци нема детски парк.

Советот гласаше и **единогласно** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен матерјал за изработка на детски парк во с.Новаци

15. **точка: Разгледување на Барање од Месна Зедница на село Будимерци за градежен матерјал (цемент) за изградба на базен во црквата „Св. Никола“**

По однос на Барањето од Месна Зедница на село Будимерци, Советниците утврдија дека Месната заедница на с. Будимерци во текот на 2022г. добила финансиска помош во висина од 20.000,00 ден. во градежен матерјал за поставување на дренажен систем околу црквата „Св.Никола“, и со тоа го исполнале правото за доделување на еднократна помош за 2022 година.

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Заклучок за одбивање на Барањето од Месна Зедница на село Будимерци за градежен матерјал (цемент) за изградба на базен во црквата „Св. Никола“ со можност за повторно поднесување на Барањето во наредната 2023год.

16. **точка: Разгледување на Барање од Еколошкото друштво „Кајмакчалан“ с.Маково за финансиска поддршка на проект за заштита на географско потекло (брендирање) на мариовскиот мед**

Иако ова Барање беше одбиено од страна на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, на барање на советникот Љупчо Петровски повторно се разгледа на Совет на Општина Новаци. По дискусијата која се разви по однос на оваа точка советникот Иван Котевски даде предлог за одбивање на Барањето поради некомплетна документација (доказ за регистрација на друштвото, програма на активности, финансиска програма и сл.).

Советот гласаше по предлогот на советникот Иван Котевски и со **5 гласа за, 1 глас воздржан и 2 гласа против** донесе Заклучок за одбивање на Барањето од Еколошкото друштво „Кајмакчалан“ с.Маково за финансиска поддршка на проект за заштита на географско потекло (брендирање) на мариовскиот мед.

17. **точка: Разгледување на Барање од Трајче Таневски од с.Бач за поставување на цевка Ф-300 на патот кој води до неговата нива.**

Советот го разгледа Барањето од Трајче Таневски од с.Бач и **со 8 гласа за** донесе Одлука за одобрување на набавка на градежен матерјал - цевка Ф300 мм во с.Бач.

18. **точка: Разгледување на Барање од Драги Каранфиловски за решавање на случајот со капелата намената за селата Горно и Долно Агларци**

Анета Киселоста раководител на одд. правни, општи работи и јавни дејности по однос на ова прашање на Советниците им објасни дека во овој случај Општина Новаци не е нарачател на изградба на капелата наменета за жителите на Горно и Долно Агларци. Соодветно на тоа Општина Новаци нема законска обврска и несмее да врши исплата од Буџетот на Општина Новаци со цел обештетување на Драги Каранфиловски кој вложил финансиски средства од сопствениот буџет во изградбата на капелата.

Советот на Општина Новаци со **5 гласа за и 3 гласа против** донесе Заклучок за одбивање на Барање од Драги Каранфиловски за решавање на случајот со капелата намената за селата Горно и Долно Агларци.

**19. точка: Разгледување на Барање од Гоце Стојановски од с.Новаци за исплата за извршена работа во соблекувалните на фудбалскиот стадион во с.Новаци**

По однос на оваа точка Анета Киселоска раководител на одд. правни, општи работи и јавни дејности им објасна на Советниците дека ситуацијата е слична како и во претходната точка т.е и во однос на Барањето од Гоце Стојановски од с.Новаци, Општина Новаци не е нарачател на работата, односно не склучила никаков договор со барателот за реконструкција на наведениот објект, така што нема законска обврска и несмее да врши исплата од Буџетот на Општина Новаци по тој основ.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за и 2 гласа против** донесе Заклучок за одбивање на Барање од Гоце Стојановски од с.Новаци за исплата за извршена работа во соблекувални на фудбалскиот стадион во с.Новаци

**20. точка: Советнички прашања.**

На 20-та Седница на Советот на Општина Новаци немаше доставено советнички прашања.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

____________________________